РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-247/13
17.04 2025 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита („Сл. весник на РСМ“, бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23 ) и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20), В.Д. Директорот на ЈУ Центар за социјална работа - Кратово во врска со објавениот јавен оглас број 01/2025 од 08.04.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на давател на јавни услуги по јавен оглас број 01/2025

1. За извршител на работното место Водител на случај во ЦСР - дипломиран социјален работник, со шифра на работното место СОЗ0303А04020 во Служба за услуги од социјална заштита во ЈУ Центар за социјална работа - Кратово за 1 (еден) извршител се избира кандидатот **Зорица Лазова Ефремовска**.
2. Избраниот кандидат ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка еден по конечноста на оваа Одлука, за што ќе склучи договор за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Врз основа на утврдената потреба со Одлука број 0401-236 од 01.04.2025 година за пополнување на слободно работно место во установата со вработување на еден (1) извршител Водител на случај во цср – дипл. социјален работник по пат на објавување на јавен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства за вработување од страна на Министерството за финансии, ЈУ Центар за социјална работа - Кратово објави јавен оглас број 01/2025 на 08.04.2025 година во дневните весници “Нова Македонија” и “Коха”.

Во врска со објавениот јавен оглас број 01/2025 од 08.04.2025 година, В.Д. Директорот формира Комисија за селекција на кандидати на даватели на јавни услуги со Решение бр. 04-247/4 од 08.04.2025 година заради проверка на веродостојноста на доказите и спроведување на интервју.

Комисијата за селекција, по спроведената постапка за веродостојноста на доказите состави Записник бр. 04-247/5 од 14.04.2025 година, а по спроведеното интервју со кандидатите состави Записник, бр. 04-247/11 од 15.04.2025 година.

По спроведената постапка за проверка на веродостојноста на доказите за исполнување на условите од јавниот оглас и интервјуто, Комисијата изготви ранг-

листа на кандидати бр. 04-247/12 од 15.04.2025 година како предлог за прворангираниот кандидат и истата ја достави до Директорот.

Врз основа на ранг-листата Директорот изврши избор на еден кандидат за вработување како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:

- архива,
- кандидат,
- досие

В.Д. Директор
Горан Цветковски

ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА Република Северна Македонија КРАТОВО